Бр./Nr 12-2559/1
30-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-та седница одржана на ден 29.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1173/1 од 27.03.2025 година, поднесена од лицето ------------ --------------, која изнесува загриженост и наводи за сомневање за вршење на политичко влијание во постапка за легализација на куќата на нејзиниот татко ------------ --------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за постапување во предметниот случај поради тоа што во пријавата не се содржани конкретни и јасни податоци за пријавените наводи.

Предметот со број 12-1173/1 од 27.03.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 27.03.2025 година до ДКСК доставена е пријава по која е оформен предмет бр.12-1173/1 од 27.03.2025 година, во која подносителот изнесува наводи за сомневање за вршење на политичко влијание во постапка за легализација на куќа, која е во заедничка сопственост на нејзиниот татко ------------------ и лицето ------------------.
Во пријавата се наведува дека постапката е иницирана од страна на ------------------, ќерка на вториот сопственик на куќата во 2018 година и истата сеуште е во тек пред надлежни органи.
Подносителот наведува дека има сознание добиено од самите подносители на барањето за легализација на куќата, дека истите ќе добијат поддршка за решавање на постапката за легализација на куќата од страна на одредени носители на јавни функции со кои се во роднински врски.

Исто така подносителот посочува дека според сознанија добиени од вработени во Општина -------------, горенаведените лица, односно ---------------------- и ------------------- (сопруга на вториот сопственик на куќата), редовно вршиле влијание и притисок врз вработените на Општината, со цел да се забрза процесот за легализација на куќата.

Видно во пријавата, констатирано е дека во истата не се изнесени конкретни податоци во врска со локацијата на недвижноста која е предмет на пријавените наводи, ниту има податоци за која катастарска парцела станува збор, за да има основ и елементи за натамошно постапување на ДКСК по истите.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за постапување во предметниот случај, поради тоа што во пријавата не се содржани конкретни и јасни податоци за пријавените наводи и оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З., Член на ДКСК